Смрт на фашизмот — Слобода на народот!

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ракописите се испраќаат во дупликат на адреса: "Службен весник на НРМ" — Скопје, и не се враќаат.

СКОПЈЕ
Четврток, 13 март 1952
Број 6 Год. VIII

Овој број чини 14 дин. Претплата за 1952 година изнесува 560 дин. Чековна сметка број 801-901702

**20**

На основа член 79 став 2 од Уставот на Народна Република Македонија, а по предлог од Министерот — Претседател на Советот за просвета, наука и култура, Владата на Народна Република Македонија донесува

## УРЕДБА
### ЗА ОСНИВАЊЕ НА ДРЖАВЕН ФИЛМСКИ АРХИВ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со цел на филмска лента да се запазат народните умотворби, фолклор, културни и историски споменици, социјалистичката изградба на нашата земја и други културно-политички и економски настани, се основа Државен филмски архив на Народна Република Македонија во Скопје.

Член 2

Државниот филмски архив на Народна Република Македонија е културно-просветна установа и стои под општо раководство и надзор на Советот за просвета, наука и култура.

Член 3

Задатоците на Државниот филмски архив се:

1) да врши снимање од областа на етнологијата, археологијата, социјалистичката изградба на нашата земја и други културно политички и економски настани;

2) да ги прибира и чува сите кинематографски дела произведени во Народна Република Македонија;

3) да ги прибира, конзервира и чува кинематографските дела кои имаат вредност за развојот на кинематографијата воопшто;

4) да ги прибира и чува филмските сценарија, книгите за снимање, нацртите за костими и декор како и друг сличен материјал што се однесува до кинематографските дела произведени во Народна Република Македонија;

5) да прибира и чува книги, списанија, весници и друга домашна и страна литература од областа на кинематографијата;

6) да дава возможност на филмските работници, научници, книжевници, музичари ликовни уметници и публицисти да го користуваат прибраниот материјал и библиотеката.

Член 4

Со работите на Државниот филмски архив на Народна Република Македонија, непосредно раководи управник.

Управникот го назначува Министерот-Претседател на Советот за просвета, наука и култура.

Член 5

Државниот филмски архив на Народна Република Македонија има своја самостојна претсметка на приходи и расходи која влегува во состав на претсметката на приходите и расходите на Советот за просвета, наука и култура.

Наредбодавател за извршување на претсметката на приходите и расходите на Државниот филмски архив на Народна Република Македонија е управникот.

Член 6

Побливи прописи за организацијата и работата на Државниот филмски архив на Народна Република Македонија, ќе донесе Министерот претседател на Советот за просвета, наука и култура.

Член 7

Оваа Уредба влегува во сила од нејзиното објавување во "Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 250 од 3-III-1952 година — Скопје.

Претседател на Владата
на Народна Република Македонија,
**Л. Колишевски, с. р.**

Министер-Претседател
на Советот за просвета, наука и култура,
**Д. Џамбаз, с. р.**

**21**

Врз основа член 1 од Законот за овластување Владата на Народна Република Македонија за донесување уредби по прашањата од народното стопанство и обновата на земјата, по предлог од Министерот-Претседател на Советот за просвета, наука и култура на Владата, Владата на Народна Република Македонија донесува

## УРЕДБА
### ЗА ОСНИВАЊЕ СТУДЕНТСКИ ПОТПОРЕН ФОНД

Член 1

Се основа Студентски потпорен фонд, со цел преку позајмици, да се овозможи студирањето и навремено завршување на студиите на студентите и апсолвентите на факултетите на Универзитетот во Скопје.

Студентскиот потпорен фонд е правно лице.

Студентскиот потпорен фонд, како правно лице, го застапува претседателот на управниот одбор на Фондот.

Член 2

Средствата на Студентскиот потпорен фонд се состојат:

1) од средствата што на Фондот му ги става на располагање државата;

2) од вратени позајмици;

3) од вратени стипендии;

4) од камати по член 4 од оваа Уредба;

5) од дотации и помошти од правни и физички лица, од завештанија, подароци и слично.

Член 3

Позајмиците од Фондот се доделуваат на студентите и апсолвентите на факултетите на Универзитетот во Скопје.

Позајмиците од Фондот се одредуваат и исплаќаат во месечен износ.

Висината на месечните износи на позајмиците и времето за кое се доделува позајмицата, како и времето за кое позајмицата треба да се врати се утврдува за секој поодделен случај посебно.

Член 4

Вкупниот износ на примените позајмици корисникот е должен да ги врати на Фондот.

Срокот за враќање на позајмицата не може да биде подолг од 10 години, сметајќи од денот на дипломирањето на корисникот, што ќе се утврди при доделувањето на позајмицата со соответна писмена обврска од корисникот на позајмицата. Во овој рок нема да се смета времето кое корисникот ќе го проведе на отслужување на задолжителниот военен рок.

За првите три години за кои постои обврска за враќање на позајмицата, камата на позајмицата не се плаќа, а за четвртата и петтата година се плаќа камата од 2%. Од петтата до десетата година ќе се плаќа камата како на соответни зајмови што ги даваат банките.

Корисникот на позајмицата, кој неоправдано ги прекине студиите, или кој од неоправдани причини не дипломира на време, должен е да му ја врати земената позајмица на Фондот во рок што ќе се одреди според висината на позајмицата, и тоа најкасно во рок од две години по прекидот на студиите, односно по истекот на рокот потребен за дипломирање со камата од 3%, а по протекот на тој рок ќе плаќа камата како на соодветните зајмови што ги даваат банките.

Член 5

За обезбедување побарувањата на Фондот, корисниците даваат соодветни гаранции.

Член 6

Со Студентскиот потпорен фонд управува управен одбор, што го именува Министерот-Претседател на Советот за просвета, наука и култура на Владата.

Во управниот одбор влегуваат: претставители на студентски организации; претставители на Универзитетот во Скопје и по еден претставител на Советот за просвета, наука и култура и Министерството на финансиите.

Член 7

Надзор над работата и послувањето на Фондот вршат Советот за просвета, наука и култура и Министерството на финансиите.

Член 8

Поблиски прописи за организацијата и послувањето на Студентскиот потпорен фонд донесува Министерот-Претседател на Советот за просвета, наука и култура во согласност со Министерот на финансиите.

Член 9

Оваа Уредба влегува во сила од нејзиното објавување во Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 248 од 3-III-1952 година — Скопје.

Претседател на Владата
на Народна Република Македонија,
**Л. Колишевски, с. р.**

Министер-Претседател
на Советот за просвета, наука и култура,
**Д. Џамбаз, с. р.**

# Огласен дел

## РЕГИСТРАЦИИ НА ДРЖАВНИ СТОПАНСКИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

### ОД РЕПУБЛИКАНСКО ЗНАЧЕЊЕ

**Министерството за финансии на НРМ во смисол на чл. 17 од Основниот закон за државните стопански претпријатија и чл. 18 од Правилникот за регистрација на државните стопански претпријатија објавува:**

Врз основа решението на Министерството за финансии на НРМ бр. 12668 од 25-XII-1951 год., уписано е во регистерот на државните стопански претпријатија од републиканско значење на страна 367, државното стопанско претпријатие под фирма: Претпријатие за кожни и гумени производи со седиште во град Скопје.

Претпријатието е основано со решение на Владата на НРМ бр. 1953 од 26-X-1951 год.

Предмет на работата на претпријатието е: купопродажба на кожни и гумени производи.

Претпријатието се наоѓа под стопанска управа на Главната управа за трговија и снабдување.

Фирмата ќе ја потпишува в. д. директорот на претпријатието Сотир Марковски, во границите на овластувањето.

Бр. 12668/51 од Министерството за финансии на НРМ II-1-11

---

Врз основа решението на Министерството за финансии на НРМ бр. 553 од 24-I-1952 год., уписано е во регистерот на државните стопански претпријатија од републиканско значење на страна 370, државното стопанско претпријатие под фирма: Угостителско претпријатие "Ловец" со седиште во Скопје.

Претпријатието е основано со решение на Владата на НРМ бр. 46 од 17-I-1952 год.

Предмет на работата на претпријатието е: вршење угостителски услуги од сите врсти.

Претпријатието е под стопанска управа на Советот за промет со стоки.

Фирмата ќе ја потпишува Трпе Кузмановски, директор на претпријатието, во границите на овластувањето.

Бр. 553/52 од Министерството за финансии на НРМ II-4-61

---

Врз основа решението на Министерството за финансии на НРМ бр. 12839 од 2-I-1952 год. уписано е во регистерот на државните стопански препријатија на страна 368, државното стопанско претпријатие под фирма: Претпријатие за снабдување на земјоделството со крупни машини, резервни делови, препарати, вештачки ѓубрива и семиња, "Сервиз-Агротехника" со седиште во Скопје.

Претпријатието е основано со фузија на Претпријатието за снабдување на земјоделските задруги, опитни полиња и земјоделските училишта со средства за земјоделско производство "Задругар" со седиште во Скопје и Претпријатието за снабдување земјоделството со сите средства за земјоделско производство "Орач" со седиште во Скопје, врз основа решението на Владата на НРМ бр. 2065 од 23 ноември 1951 год.

Предмет на работата на претпријатието е: снабдување на земјоделските задруги, државни земјоделски стопанства, опитни полиња, земјоделските институти и земјоделските училишта со: а) крупни земјоделски машини; б) резервни делови за земјоделски машини; в) вештачки ѓубрива од сите видови; г) разни видови семиња и д) препарати за растителна заштита и др.

Претпријатието се наоѓа под стопанска управа на Главната дирекција за задружно земјоделство на НРМ.

Фирмата ќе ја потпишува директорот Боро Димовски, во границите на овластувањето.

Бр. 12839/52 од Министерството за финансии на НРМ П-1-17

---

Врз основа решението на Министерството за финансии на НРМ бр. 422 од 22 јануари 1952 год., во регистерот на државните стопански претпријатија уписано е следното:

1) Поради фузионирање избришани се од регистерот претпријатијата: Градежното претпријатие за високоградби "Бетон" со седиште во Скопје, Градежното претпријатие за високоградби, нискоградби и мелиорациони работи "Вардар" со седиште во Штип, Градежното претпријатие за нискоградби "Гранит" со седиште во Скопје, Градежното претпријатие за хидроцентрали, далеководи и мелиорациони работи "Светлост" со седиште во Скопје и Претпријатието за занаетчиски услуги "Напредок" со седиште во Скопје.

2) Уписано е во регистерот настанатото претпријатие со фузионирање на горните претпријатија под фирма: Градежно претпријатие "Бетон" со седиште во Скопје.

Претпријатијата се фузионирани во ново претпријатие со решение на Владата на НРМ бр. 22 од 8 јануари 1952 год.

Градежното претпријатие "Бетон" во Скопје го преземa целокупниот имот како и сите права и обврски од фузионираните претпријатија: "Бетон", "Вардар", "Гранит", "Светлост" и "Напредок".

Предмет на работата на претпријатието е: да гради објекти од високоградба, индустриска градба, нискоградба и хидроградба.

Претпријатието е под стопанска управа на Главната дирекција на градежни претпријатија во Скопје.

Фирмата ќе ја потпишува Ристоманов Блаже, директор на претпријатието, во границите на овластувањето.

Бр. 422/52 од Министерството за финансии на НРМ II-4-60

## ОД ЛОКАЛНО ЗНАЧЕЊЕ

Врз основа решението на Поверенството за финансии на Народниот одбор на Кочанска околија бр. 9920 од 22-XI-1951 год., уписано е во регистерот на државните стопански претпријатија на страна 33, државното стопанско претпријатие под фирма: Градско угостителско претпријатие "Слобода" со седиште во Кочани.

Претпријатието е основано со решение на Народниот одбор на Кочанска околија бр. 683 од 9-X-1951 год.,

Предмет на работата на претпријатието: е продажба на пијалоци и храни и издавање преноќишта.

Претпријатието е под стопанска управа на Извршниот одбор на Градскиот народен одбор во состав на околија.

Фирмата ќе ја потпишува раководителот Лазар Јанков, книговодителот Сане Зашев и Ване Димитров, шеф на комерцијално одделение, во границите на овластувањето.

Бр. 9920/51 од Поверен. за финансии на ОНО — Кочани II-183-3568

---

Врз основа решението на Поверенството за финансии на Народниот одбор на Кичевска околија бр. 40 од 7-I-1952 год. уписано е во регистерот на државните стопански претпријатија на страна 18, државното стопанско претпријатие под фирма: Околиско транспортно претпријатие "Авто-транспорт" со седиште во град Кичево.

Претпријатието е основано со решение на Народниот одбор на Кичевска околија бр. 35 од 25-X-1951 год.

Предмет на работата на претпријатието е: превоз на патници и стоки.

Претпријатието е под стопанска управа на Извршниот одбор на Народниот одбор на Кичевска околија.

Фирмата ќе ја потпишува директорот Цветан Димитриовски, во границите на овластувањето.

Бр. 40/52 од Поверен. за финансии на ОНО — Кичево II-2-28

---

Врз основа решението на Поверенството за финансии на Градскиот народен одбор Скопје бр. 4303 од 24-XI-1951 год. уписано е во регистерот на државните стопански претпријатија на страна 173, државното стопанско претпријатие под фирма: Градско угостителско претпријатие "Шар" со седиште во град Скопје.

Претпријатието е основано со решение на Народниот одбор на град Скопје бр. 6790 од 19-X-1951 год.

Предмет на работата на претпријатието е: вршење сите видови угостителски услуги.

Претпријатието е под стопанска управа на Извршниот одбор на Народниот одбор на град Скопје.

Фирмата ќе ја потпишува Милан Здравковски, директор кој полноважно ќе ја потпишува фирмата во границите на овластувањето, а сите финансови налози колективно со Ристо Аврамчев, шеф на сметководството.

Бр. 4303/51 од Поверен. за финансии на ГНО — Скопје II-3-46

---

Врз основа решението на Поверенството за финансии на Градскиот народен одбор — Скопје бр. 4289 од 23-XI-1951 год., уписано е во регистерот на државните стопански претпријатија на страна 174, државното стопанско претпријатие под фирма: Градско угостителско претпријатие "Маврово" со седиште во град Скопје.

Претпријатието е основано со решение на Народниот одбор на град Скопје бр. 6790 од 18-X-1951 год.

Предмет на работата на претпријатието е: извршување на сите угостителски услуги во град Скопје.

Претпријатието е под стопанска управа на Извршниот одбор на Народниот одбор на град Скопје.

Фирмата ќе ја потпишува Мојсовски Спасе, директор, кој полноважно ќе ја потпишува фирмата на претпријатието во границите на овластувањето, а сите финансови налози колективно со Михајловски Ацо, шеф на сметководството.

Бр. 4289/51 од Поверен. за финансии на ГНО — Скопје II-2-47

---

Врз основа решението на Поверенството за финансии на Градскиот народен одбор — Скопје бр. 4519 од 25-XII-1951 год., уписано е во регистерот на државните стопански претпријатија на страна 175, претпријатието под фирма: Градско претпријатие за откуп и промет со фураж и житарици со седиште во град Скопје.

Претпријатието е основано со решение на Народниот одбор на град Скопје бр. 7233 19-X-1951 год.

Предмет на работата на претпријатието е: откуп и продажба на фураж и житарици.

Претпријатието е под стопанска управа на Извршниот одбор на Народниот одбор на град Скопје.

Фирмата ќе ја потпишува Никола Николовски, директор, кој полноважно ќе ја потпишува и раздолжува фирмата во границите на овластувањето, а сите финансови налози колективно со Симеон Буцевски, шеф на сметководството.

Бр. 4519/51 год. од Поверен. за финансии на ГНО — Скопје II-3-48

---

Врз основа решението на Поверенството за финансии на Народниот одбор на Гостиварска околија бр. 9930/51 год., уписано е во регистерот на држав-

ните стопански претпријатија, претпријатието под фирма: Градско трговско претпријатие "Шар" со седиште во град Гостивар.

Претпријатието е основано со решение на Градскиот народен одбор Гостивар бр. 9930/51 год.

Предмет на работата на претпријатието е: снабдување на населението со сите трговски стоки.

Претпријатието е под стопанска управа на Извршниот одбор на Градскиот народен одбор — Гостивар.

Фирмата ќе ја потпишува директорот на претпријатието Коце Стојановски и книговодителот Ејуп Кукули.

Бр. 9930/52 од Поверен. за финансии на ОНО — Гостивар II-3-56

## ПРОМЕНИ ВО РЕГИСТЕРОТ

### ОД РЕПУБЛИКАНСКО ЗНАЧЕЊЕ

**Министерството за финансии на НРМ во смисол на чл. 17 од Основниот закон за државните стопански претпријатија и член 18 од Правилникот за регистрација на државните стопански претпријатија објавува:**

Со решение на Главната дирекција за хемиска индустрија бр. 88 од 8-IX-1951 год., за директор на претпријатието Фабрика за керамички цеви "Вила Зора" со седиште во Титов Велес е поставен Лазо Мокров кој е стапил на должност на 1-IX-1951 г. од која дата има право да ја потпишува фирмата на претпријатието во границите на овластувањето.

Со решение на Главната дирекција за хемиска индустрија бр. 87 од 8 септември 1951 год, суспендиран е од должност досегашниот директор на ова претпријатието Трајко Ордев Недев и од 1 септември 1951 година му престанува правото да ја потпишува фирмата на претпријатието.

Бр. 12274/51 од Министерството за финансии на НРМ II-1-12

---

Со решение на Советот за земјоделство и шумарство на Владата на НРМ бр. 18 од 22-XII-1951 год. Крсто Настовиќ е назначен за директор на Претпријатието за планирање на социјалистичкото стопанство "Агробиро" со седиште во Скопје и на должност стапил на 28-XI-1951 год., од кој ден има право да ја потпишува фирмата во границите на овластувањето.

Со решение на Советот за земјоделство и шумарство на Владата на НРМ бр. 17 од 22-XI-1951 год. разрешен е од должност досегашниот директор Србо Блажевски и од 28-XI-1951 год. му престанува правото да ја потпишува фирмата на претпријатието.

Бр. 12639/51 од Министерството за финансии на НРМ II-1-14

---

Врз основа решението на Владата на НРМ бр. 1439 од 20-VII-1951 год. претпријатието Каменорезачка работилница "Македонски оникс" со седиште во Скопје, под стопанска управа на Главната дирекција за неметали, јаглен и гр дожна индустр а во Скопје се предава на Народниот одбор на град Прилеп, а поради тоа се брише од регистерот на државните стопански претпријатија што го води ова Министерство.

Бр. 12405/51 од Министерството за финансии на НРМ II-1-15

---

Со решение на Министерството за локален сообраќај на НРМ бр. 19 од 6-II-1950 год. назначен е за в. д. директор Велевски Јован кој ја потпишуваше фирмата на претпријатието од 14-XII-1949 год. до 1-VI-1950 год., кога е назначен нов директор.

Со решение на Министерството за локален сообраќај на НРМ бр. 120 од 12-XI-1950 год. за директор е поставен Јанковски Ристо кој е стапил на должност на 1-VI-1950 год. од која дата има право да ја потпишува фирмата на претпријатието.

Бр. 11432/51 од Министерството за финансии на НРМ II-1-16

---

Со решение на Министерството за сообраќај на НРМ бр. 189 од 19-XII-1950 год. Масев Гошо е назначен за директор на Претпријатието за авто-транспорт и шпедиција со седиште во Струмица и на должност стапил на 19-XII-1950 г. од кој ден има право да ја потпишува фирмата на претпријатието.

Бр. 12339/51 од Министерството за финансии на НРМ II-1-10

### ОД ЛОКАЛНО ЗНАЧЕЊЕ

Со решение на Извршниот одбор на Градскиот народен одбор — Титов Велес бр. 784 од 29-XII-1951 год. досегашниот директор на Претпријатието "Радуша" Трајче Костов се разрешува од должноста, а на негово место се назначува Ангел Димов кој ќе го потпишува, задолжува и раздолжува претпријатието од денот на назначувањето.

Бр. 254/51 од Поверенството за финансии на ГНО — Титов Велес.

---

Со решение на Извршниот одбор на Народниот одбор на град Куманово бр. 8526 од 14-XII-1951 год. Александар Илиевски, службеник на Градското конфекционо претпријатие "Киро Фетак" — Куманово, е овластен претпријатието да го потпишува, задолжува и раздолжува.

Со истото решение разрешен е од должност досегашниот директор Илија Арсовски од кој ден му престанува правото фирмата да ја потпишува.

Бр. 8526/51 од Поверен. за финансии на ГНО — Куманово II-2-36

---

Со решение на Извршниот одбор на Градскиот народен одбор — Струмица бр. 14183 од 18-XII-1951 год. избришано е од регистерот на државните стопански претпријатија Градското претпријатие за народни имоти "Вардар" во Струмица.

Бр. 14183/51 од Поверен. за финансии на ГНО — Струмица. II-2-38

---

Со решение на Извршниот одбор на Народниот одбор на град Скопје бр. 6788 од 6-XI-1951 год. Јелка Петровска е назначена за директор на Градското претпријатие "Слаткарници" — Скопје и на должност стапила на 1-I-1952 год. од кој ден има право да ја потпишува фирмата на претпријатието.

Со решение на Извршниот одбор на Народниот одбор на град Скопје бр. 6788 од 6-XI-1951 год разрешен е од должност досегашниот директор Владо Васиќ и од 1-I-1952 год. му престанува правото да ја потпишува фирмата на претпријатието.

Бр. 4249/51 од Поверен. за финансии на ГНО — Скопје II-3-44

---

## СОДРЖИНА


| Рег. бр. | | Страна |
|---|---|---|
| 20 | Уредба за основање на Државен филмски архив на Народна Република Македонија — | 41 |
| 21 | Уредба за основање Студентски потпорен фонд | 41 |


**Издава: Новинско издавачко претпријатие "Службен весник на Народна Република Македонија" — Скопје ул. "29 ноември". Одговорен уредник Петар Јаневски. Пошт. фах 51 Тел. 19-86. Чековна сметка при Народната банка — Скопје бр. 801-901702 Печатница "Гоце Делчев" — Скопје.**